Бр./Nr. 12-8763/4
Датум/Data 25-07-2025

**До: Фондација „Ѓорѓи Марјановиќ“**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање**
**Врска: Ваш број 0302-6 од 23.06.2025 година**

Почитувани,

До Министерството за образование и наука пристигна Ваше барање заведено под горенаведениот број и датум за продолжување на важноста на добиената согласност за организирање натпревар по раскажување за ученици од основните училишта.

Имено, Министерството за образование и наука врз основа на стручно мислење на Бирото за развој на образованието, со допис број 12-7036/4 од 09.06.2025 година, даде позитивно мислење за реализација на натпреварот за раскажување на книги наменет за ученици од основните училишта закажан за 13 јуни 2025 година.

По добиената согласност, се обративте со барање за продолжување на важноста на добиената согласност за учебната 2025/2026 година или за повеќе години.

Министерството за образование и наука со допис наш број 12-9763/2 од 03.07.2025 година го достави Вашето барање на стручно мислење до Бирото за развој на образованието.

Врз основа на добиеното стручно мислење од Бирото за развој на образованието нивен број 09-692/5 од 21.07.2025 година, Министерството за образование и наука дава позитивно мислење за реализирање на проектот „Школа за идни лидери“ за наредните три години, почнувајќи од учебната 2025/2026 година.

Воедно напоменуваме дека доколку во овој период проектот претрпи измени и самоиницијативно ги прошири своите цели и содржини и таргет групи кои не се во согласност со сегашните правила, Фондацијата ќе треба повторно да побара мислење и увид во измените на проектот.

Во прилог доставуваме копие од стручното мислење на Бирото за развој на образованието.

Со почит,

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Сања Јанчева
Одобрил: Билјана Казанџиска
Согласен: м-р Даниела Граороска Саздова


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09 - 692/5
21.7 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ОСНОВНО
Лојо А (сопо)

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar: | 22-07-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 12 | 8763/6 | | |

До

Министерство за образование и наука
- министерка за образование и наука
проф. д-р Весна Јаневска-

**Предмет:** Барање мислење за продолжување на согласност за натпревари за раскажување

Ваш број: 12-8763/2 од 03.07.2025
Наш број: 09-692/3 од 07.07.2025

Почитувани,

Врз основа на Вашиот допис заведен со наш архивски бр. 09-692/3 од 07.07.2025 година, во кое е проследено барањето за продолжување на одобрение за реализација на проектот „ Школа за идни лидери", доставена од Фондацијата Ѓорѓи Марјановиќ од Скопје, Бирото за развој на образованието Ви го проследува следново мислење кое следи во прилог.

Со почит,

**ДИРЕКТОР**

**м-р Милка Тримчевска**

**ПРИЛОГ:** Стручно мислење

Изготвил: м-р Владо Стојанов, советник
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

## СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ

Проектот „ Школа за идни лидери" се реализира со учениците од основните училишта на доброволна основа и со согласност на родителите преку натпревар во раскажување на прочитани книги во текот на годината. Заинтересираноста за овој проект и покажаните резултати од натпреварите се видливи на веб страницата на Фондацијата Ѓорѓи Марјановиќ www.fgm.org.mk. Целта на проектот е зачувување на мајчиниот јазик и овомонжување на децата во основните училишта да го негуваат пишаниот збор и љубовта кон книгата, како основа за развој на комуникациските вештини и развој на ораторството од рана возраст.

Самата одржливост на проектот веќе неколку години е индикатор повеќе за успехот на Фондацијата која ги организира натпреварите. Најголем индикатор е зголемениот број на заинтересирани деца кои сакаат да учествуваат во натпреварите и имаат желба за читање книги и прераскажување.

Со оглед на тоа дека Министерството за образование и наука даде согласност за реализација на проектот ( Допис бр.12-2509/4 од 26.08.2020 година), Бирото за развој на образованието е на мислење дека овој интересен проект треба да добие можност за продолжување на времетраењето на важноста на согласноста за повеќе од една година и предлага согласноста да се продолжи на 3 години, почнувајќи од оваа 2025/2026 учебна година, со цел избегнување на административните годишни преписки.

**Напомена:** Доколку во овој период проектот претрпи измени и самоиницијативно ги прошири своите цели и содржини и таргет групи кои не се во согласност со сегашните правила, Фондацијата ќе треба да побара повторно мислење и увид во измените во проектот.

Со почит,
изготвил: м-р Владо Стојанов, советник

Скопје, 18.07.2025